Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 8, 11 јуни 2008 година

јуни 2008
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во научното подрачје животна средина на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Основи на природните науки” на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Здравствено воспитание” на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Трговско право на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ“ НА Д-Р СНЕЖАНА СТАВРЕВА-ВЕСЕЛИНОВСКА, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 17 од Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – „Универзитетски гласник“ број 2 од 1 ноември 2007 година, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 3 март 2008 година, донесе Одлука по барањето на д-р Снежана Ставрева-Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет за издавање на учебник со наслов **„Здравствено воспитание“.**

Учебникот „Здравствено воспитание“ е наменет за студентите од I (прва година), прв семестар, на Педагошкиот факултет, Оддел за предучилишно воспитување, неделен фонд на часови 3+1.

Потребата од издавање на учебник со ваква содржина произлегува од ревидирањето на студиските планови и програми на Педагошкиот факултет, промените во државните наставни планови и програми за деветгодишно основно образование и современите развојни тенденции во образованието во светски рамки.

Го поздравуваме обидот на авторката да дизајнира целовита концепција за значењето, целите, задачите и принципите на здравственото воспитание како значајно и актуелно воспитно-образовно подрачје.

Учебникот е напишан на 165 страници, структуиран во четири дела. Содржи 10 прилози и 30 илустрации, а тематските поглавја комплетно ги покриваат содржините предвидени со програмата по предметот Здравствено воспитание.

Во воведниот дел се нагласува значењето на психофизичката здравствена состојба на децата и значењето на односот на родителите кон децата во зачувувањето и развивањето на истата. Сметаме дека оваа содржина провоцира длабока размисла за значењето на здравственото воспитание во развојот на индивидуата и општеството во целина.

За време на школувањето на децата, почнувајќи од предучилишна возраст па понатаму, наставникот секогаш треба да ја има предвид индивидуалната психофизичка состојба на ученикот, со познавања за развојот на нервниот систем, особено големиот мозок од каде доаѓаат командите во нашиот живот.

Понатаму во содржините, авторката мошне добро ги систематизирала основните задачи на здравственото воспитување, како и тематските содржини на програмите на здравственото образование и воспитание. Притоа е нагласена важноста на значењето на здравственото воспитување, затоа што на тој начин се обезбедува и лична и општествена заштита. Здравствено едуцираната популација ќе знае да се заштити од различни инфекции, пред сè од ХИВ и хепатит Б и Ц, за хигиената на меѓусебното однесување, што е гаранција за здраво општество. Посебно внимание е свртено на последиците од консумацијата на наркотици, што бездруго има и општествени последици. Понатаму авторката не изоставила да укаже на тоа дека децата со посебни потреби се исти како и останатите, со таа разлика што овие деца имаат некакви поинакви потреби од другите. Токму во оваа смисла, во текстот за учебникот, е нагласено дека луѓето со адекватно здравствено образование и воспитание тоа го прифаќаат како една нормална појава во животот.

Во делот за карактеристиките на медицинско-педагошкото образование, хронолошки се дадени периодите на возраста на децата, почнувајќи од раната детска возраст и понатаму сè до зрелоста, со основните карактеристики за возраста во здравственото образование,

со осврт на хигиената на живеење. Тоа подразбира заштита во меѓусебното однесување, исхраната и однесувањето во средината. Особено е нагласено, што е мошне важно за нашата средина, значењето на хигиената во училишните установи.

Авторката, неизоставно во хигиената на живеењето, го истакнува значењето на физичката активност кај учениците и воопшто кај луѓето преку активното користење на часовите за физичкото воспитание.

На крајот од последниот дел, авторката на јасен начин ги објаснува последиците од здравственото необразование. Имено, уште еднаш е нагласено дека како основна задача во образованието треба да биде здравственото образование кое ќе значи заштита, поздрава популација, поздраво и економски посилно општество.

Во учебникот се дадени и некои покарактеристични заразни и незаразни болести од кои најчесто заболуваат децата од предучилишна и рана училишна возраст, сè со цел едукација на идните едукатори и воспитувачи на најмладата популација.

Имајќи ја предвид познатата изрека „во здраво тело здрав дух", проф. д-р Снежана Ставрева-Веселиновска во текстот за учебникот „Здравствено воспитание" ја исполнува целата содржина за структурата за која е наменет, со тоа што во секој дел од учебникот максимално се дава акцент на тоа дека здравственото образование обезбедува и здраво општество. Токму поради тоа, констатираме дека овој текст може да биде оформен, односно печатен како учебник.

Рецензентите на текстот со задоволство го замолуваат Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го прифати и препорача за печатење учебникот **„Здравствено воспитание"** приложениот и рецензиран текст од авторката проф. д-р Снежана Ставрева-Веселинова.

**Рецензенти:**

**Д-р Јорданка Димовска, с.р.**
редовен професор во пензија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје
Природно-математички факултет
Институт за биологија

**Д-р Соња Петровска, с.р.**
доцент
Универзитет „Гоце Делчев", Штип
Педагошки факултет